Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 14,  21 јануари 2009 година

јануари 2009
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од областа на педагогија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПЕДАГОГИЈА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на член 132, став 1 до 5 од Законот за високото образование на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 35/2008), а согласно член 9, став 23 до 28 од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор наставник, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, „Универзитетски гласник“ број 2, од 1 ноември 2007 г. беше распишан Конкурсот за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област ***педагогија***, по предметите: Основи на педагогија, Теорија на воспитанието, Методика на воспитна работа и Техничко образование со методика, објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм“ од 27.11.2008 год.

Со Одлука бр. 0210-132/10-4 донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, одржана на 9.12.2008 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа *педагогија* на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во состав: проф. д-р Татјана Атанасоска, вон. проф. на Педагошки факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, претседател, проф. д-р Розалина Попова - Коскарова, вон. проф. на Педагошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член, и проф. д-р. Наташа Ангелоска - Галевска, ред. проф. на Филозофски факултет, Институт по *педагогија* при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член.

Комисијата утврди дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник во предвидениот рок се пријавија кандидатките: д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, доцент на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип; м-р Симона Палчевска, асистент на Педагошкиот факултет во Битола и м-р Ѓорѓина Ќимова.

Врз основа на приложената документација и анализата на истата, Комисијата констатираше дека кандидатките м-р Симона Палчевска, асистент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и м-р Ѓоргина Ќимова, не ги исполнуваат условите за избор во звање вонреден професор од областа *педагогија*, бидејќи не го исполнуваат првиот услов - докторат од областа на педагогијата, согласно со Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр. 35/2008) член 125, став 3, од критериумите за избор во наставно-научни звања и бараниот критериум.

Рецензентската комисијата констатира дека единствена кандидат која согласно со Законот за високото образование, член 125, која ги исполнува предвидените услови е д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, доцент на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Доц. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева** е родена на 6 мај 1967 г. во Штип. Основно и средно образование завршува во родното место. Во 1989 година дипломира на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје.

Во 1990 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет при Универзитет „Свети Кирил и Методиј" во Скопје и на 23.12.1995 год. го одбранува магистерскиот труд на тема *„Изградување на моралните вредности кај учениците од средното образование"* и се здобива со звање **магистер на педагошки науки.**

На 16.5.2001 година, на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, одобрена и́ е тема за изработка на докторска дисертација со наслов *„Современото училиште и моралното воспитание"*, која на 23.12.2003 година ја одбранува и се здобива со звање **доктор на педагошки науки.**

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

На 30.1.1996 година е избрана за **асистент** на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип, по предметот Општа педагогија, а во 1999 година е преизбрана за **асистент** и и́ е доверена настава по предметите: *Предучилишна педагогија и Историја на педагошки идеи.*

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошки факултет на 22.4.2004 год. е избрана во наставно-научно звање **доцент.**

Наставно-научниот совет на Педагошки факултет – Штип на својата 67. редовна седница, одржана на 24.3.2005 година, ја избира за продекан за настава.

Врз основа на приложената документација, може да се заклучи дека кандидатката со професијата педагог се занимава од многу одамна. Дел од својата работа ја има поминато како педагог и наставник во редовната настава во основното училиште „Ванчо Прке".

Активно е вклучена во наставно-образовниот процес на Педагошкиот факултет, повеќе од една деценија. На Педагошкиот факултет во изборниот период (2004-2009 год.) учествува во изведувањето на наставата (предавања, вежби и испити) наменета за студентите од групата Одделенска настава, како и од групата Предучилишно воспитување, како и на категоријата студенти на дообразување, по предметите *Општа педагогија, Семејна педагогија, Предучилишна педагогија и Методика на воспитна работа.*

Поради заминување на професор на ново работно место, нејзе и́ е доверена настава и по предметот *Методологија на педагошко истражување*.

Ангажирана е за предметот *Педагогија* за категоријата студенти од други факултети, кои се здобиваат со наставнички компетенции.

На Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на Одделот за музичка теорија и педагогија изведува настава (предавања, вежби и испити) по предметот *Педагогија*.

Во периодот помеѓу двата избори - доцент и вонреден професор кандидатката ги објавува следниве стручни и научни трудови:

1. **Емилија Петрова Ѓорѓева** (2004): *Демократското општество и граѓанското образование*, Педагошка практика, година 2, бр.1, Скопје. Трудот претставува придонес во научната мисла во однос на придонесот на Граѓанското образование за демократските текови на општеството.

2. **Емилија Петрова Ѓорѓева** (2003/04): *Когнитивно-развојни теории на моралот и моралното воспитание*, Годишен зборник, Штип, год. 3, книга 3-4. Трудот претставува темелен осврт на теоријата на моралот и моралното воспитание.

3. **Emilija Petrova Gorgeva** (2004): *Characteristics of contemporary school seen through the prism of moral education*, Образование и искуство, том II, Шумен. Трудот претставува придонес во научната мисла во поглед на расветлување на влијанието на модерното училиште за моралното воспитание.

4. Tatjana Atanasoska, **Emilija Petrova Gorgeva** (2004): *Škola bez neuspešnih učenika – mit ili stvarnost*, Pedagoški fakultet, Pula. Трудот претставува значаен поглед врз можностите и границите на училиштето како институција која обезбедува услови за успех на сите ученици.

5. Снежана Мирасчиева, **Емилија П. Ѓорѓева** (2004): *Modern School from Studen t's Angle, 2nd International Balkan Educational Kongress Searching excellence in education*, 8-10 October, Edirne. Трудот претставува квалитетно видување на опсервацијата на учениците на местото и улогата на современото училиште.

6. **Emilija Petrova Gorgeva** (2005): *Vaspitna tehnologija kao neophodna potreba za moralni razvoj ličnosti*, Tehnologija informatika obrazovanja 3, Beograd - Novi Sad. Трудот прави успешен линк меѓу моралниот развој и можностите кои ги нуди наставната технологија, со цел да се стимулира тој развој.

7. Владо Петровски, **Емилија Ѓорѓева**, Блаже Китанов (2005): *Етничката толерантност во училиштата на Р. Македонија*, Факултет по изкуствата, годишник, том III, Културните права в европейска перспектива, Благоевград. Трудот претставува осврт на ситуацијата околу етничката толерантност во училиштата низ Република Македонија.

8. Dusan Todorovski, **Emilija Petrova Gorgeva**, (2005) *The ashived knowledge, skills and abilites of stwpents of Pedagogical faculty "Goce Delcev" – Stip "Sine gua non" for successful mastering of the physical education curriculum,* The Third International Balkan Scientific Congress, Interculturalitz in the educational process, Shtip. Трудот претставува истражување на знаењата, вештините и способностите при Педагошкиот факултет во однос на реализацијата на физичкото образование.

9. Vlado Petrovski, **Emilija Petrova Gorgeva** (2005): *The Language of education and the recocommended bilingualism in the country*, The Third International Balkan Scientific Congress, Interculturalitz in the educational process, Shtip. Трудот се занимава со реалноста на билингвизмот и јазичното образование.

10. Лидија Горачинова Илиева, **Емилија Петрова Ѓорѓева** (2005): *Импликации на националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 врз насоките на развој на педагошките факултети*, Висшето педагогическо образование, проблеми постижения тенденции, София. Трудот третира една значајна проблематика околу импликациите на новите развојни трендови на Педагошките факултети во РМ.

11. **Емилија Петрова Ѓорѓева** (2005/06): *Современото училиште и неговата воспитна функција*, Воспитание, списание за терорија и практика, Штип, год. 4, бр. 6-7. Трудот се осврнува на третирањето на воспитната функција на институцијата училиште.

12. **Емилија Петрова Ѓорѓева** (2005/06): *Развојот на далечинско учење во Европа и светот*, Годишен зборник, Штип, год. 4, книга 5-6. Трудот е обид за компаративен осврт врз проблематиката и практиката на далечинското учење во некои земји во светот.

13. **Emilija Petrova Gjorgjeva** (2006): *Ecological education, need and challenge of today*, II International symposium of ecologists of the Republic of Montenegro, Proceedings of the symposium, Kotor. Трудот ја разоткрива потребата од еколошкото образование денес, но и неговите предизвици.

14. **Emilija Petrova Gorgeva** (2006): *Distance learning as a challenge and a general need in the European family*, Факултет по изкуствата, годишник, том IV, Национални култури и европейска идентичност, Благоевград. Трудот ја третира проблематиката на учењето на далечина како реалност и неопходност во просторот на Европа.

15. **Емилија Петрова Ѓорѓева** (2006): *Реформите во високото образование во Р. Македонија согласно со Болоњската декларација*, трибина, Центар за поддршка на НВО – Штип. Трудот се занимава со импликациите на Болоњската декларација врз реформите во високото образование во Р. Македонија.

16. **Emilija Petrova Gorgeva** (2006): *Teachers and modern educational information technology*, University in Novi Sad, Faculty of education in Sombor, The third international conference on informatics, educational technology and new media in education, Sombor. Трудот се осврнува на улогата на наставниците во поглед на користењето на современата информатичка технологија во наставата.

17. **Emilija Petrova Gjorgjeva**, Snezana Mirascieva,Vlado Petrovski (2006): *Solving the problem of waste*, II International symposium of ecologists of the Republic of Montenegro, Proceedings of the symposium, Kotor. Трудот ги опфаќа проблемите на еколошкото воспитание и денешницата.

18. Snezana Mirascieva, **Emilija Petrova Gjorgjeva**,Vlado Petrovski (2006): *A positive relation between the teacher and the pupil in teaching – a codation for a more*

*successful teaching*, Петта есенска научна конференција, Китен. Трудот се осврнува на релациите помеѓу наставникот и учениците како предуслов за поуспешно учење и поучување.

19. Vlado Petrovski, Snezana Mirascieva, **Emilija Petrova Gorgeva** (2006): *Family as a factor of education in the Republic of Macedonia – an ethnic dimension*, Състояние и тенденции, Благоевград. Трудот се занимава со третирање на етничката димензија на факторот семејство во воспитанието на децата.

20. Снежана Кирова, Татјана Атанасова Пачемска, **Емилија Петрова Ѓорѓева**, (2006): *Примена на интернет системот во далечинското образование како неопходност во европското образование*, Научна коференција „Национални култури и Европейска идентичност", Благоевград. Трудот навлегува во практиката на далечинското образование, односно нејзината реализација со помош на интернет системот.

21. **Emiija Gjorgjeva** (2007): *Bloom's taxonomy (classification of cognitive areas – remembering, understanding, appluing)*, Факултет по изкуствата, годишник, том V, Европа като културно пространство, Благоевград. Трудот претставува анализа на когнитивното подрачје на познатата Блумова таксономија.

22. **Emilija Petrova Gjorgjeva** (2007): *Mediumska pismenost – Pozitivni i negativni efekti*, Tehnologija informatika obrazovanje 4, Novi Sad - Beograd. Трудот ги анализира позитивните и негативните ефекти на медиумската писменост.

23. **Emilija Petrova Gjorgjeva**, Snezana Mirascieva, Vlado Petrovski (2007): *Primena multimedialnih tehnologija*, Tehnologija informatika obrazovanje 4, Novi Sad - Beograd. Трудот е обид да се направи анализа на мултимедијалните технологии во наставниот процес како современ тренд во наставата.

24. **Emilija Petrova Gjorgjeva** (2007): Ефикасност и ефектвност в съвременото училище, Педагогочески факулктет IV Балкански конгрес, Образованието, Балканите, Европа, Стара Загора. Трудот навлегува во факторите, предусловите на ефективното и ефикасното современо училиште.

25. **Emilija Petrova Gjorgjeva**, Snezana Mirascieva, Vlado Petrovski (2007): *Училищната структура като организационна система*, Педагогочески факулктет IV Балкански конгрес, Образованието, Балканите, Европа, Стара Загора. Трудот се занимава со анализа на училишната структура како организационен систем кој е основа за успешно функционирање на училишниот систем.

26. **Emilija Petrova Gorgeva** (2007): *Modern school and its education function from the aspect of moral education*, Международной научно-практической конференции „Традиции и иновации в дошкольном образовании", посвященой 138-летию МПГУ, Москва. Трудот го доведува во релација образовната функција на училиш-

тето која во голема мера зависи од тоа како се реализира моралното образование во современото училиште.

27. Snezana Mirascieva, **Emilija Gjorgjeva**, Vlado Petrovski (2007): *The new communication media-new possibilities in the development of the culture*, Факултет по изкуствата, годишник том V, Европа като културно пространство, Благоевград. Трудот се осврнува на можностите развој на културата преку новите средства за комуникација.

28. Snezana Mirascieva, **Emilija Petrova Gjorgjeva**, Vlado Petrovski (2007): *Информационните и комуникационните технологии в преподаването и новата роля на учителя в процеса на обучение*, Педагогочески факултет, IV Балкански конгрес, Образованието, Балканите, Европа, Стара Загора. Трудот зборува за променетата улога на наставникот во процесот на поучување, благодарение на ИКТ кои се во оптек во современото општество.

29. Snezana Mirascieva, **Emilija Petrova Gjorgjeva**, Vlado Petrovski (2007): *IKT u nastavnoj komunikacii u cilju stvaranja drustva znanja i ucenje*, Tehnologija informatika obrazovanje 4, Novi Sad – Beograd. Трудот анализира како се создава општеството на знаење и учење со помош на користењето на ИКТ во комуникацијата во наставата.

30. Snezana Mirascieva, **Emilija Petrova Gjorgjeva**, Vlado Petrovski (2007): *With partnership between teacher and parents to a more effective teaching*, V Есенна научна конференция, Приемственост и перспективи в развитието на педагогическата теория и практика, Китен. Трудот зборува за партнерството помеѓу наставниците и родителите, како многу важен предуслов за ефективно поучување и учење.

31. Snezana Mirascieva,Vlado Petrovski, **Emilija Petrova Gjorgjeva** (2007): *Poverty in the family and schul performance of children*, X Научни скуп, „Педагошка истраживања и школска пракса", Меѓународна научна конференција, Улога образовања у смањењу последица сиромаштва на децу у земљама у транзицији, Београд. Трудот ја анализира поврзаноста меѓу социјалниот статус на семејството и степенот на постигнување на учениците во училиште.

32. Vlado Petrovski, Snezana Mirascieva, **Emilija Petrova Gjorgjeva** (2007): *Education and socioeconomic status of the family in the Republic of Macedonia*, X Научни скуп, „Педагошка истраживања и школска пракса", Меѓународна научна конференција, Улога образовања у смањењу последица сиромаштва на децу у земљама у транзицији, Београд. Трудот зборува за анализата на социоекономскиот статус на семејствата во РМ.

33. Vlado Petrovski, Snezana Mirascieva, **Emiija Gjorgjeva** (2007): *Bloom's taxonomy (classification of cognitive areas – analyzing, creating, evaluation)*, Факултет по изкуствата, годишник том V, Европа като културно пространство, Благоевград. Трудот анализира посебен аспект на Блумовата таксономија, кој се однесува на

когнитивното подрачје - анализа, креативност, евалвација.

34. Vlado Petrovski, Snezana Mirascieva, **Emilija Gjorgjeva** (2007): *Education and its role in the changes in modern society*, „Европа като културно пространство", Благоевград. Трудот зборува за улогата на образованието во однос на неговото влијание врз промените во современото општество.

35. Vlado Petrovski, Snezana Mirascieva, **Emilija Petrova Gjorgjeva** (2007): *Образованието и неговата роля в променяото се модерно общество*, Педагогочески факулктет IV Балкански конгрес, Образованието, Балканите, Европа, Стара Загора. Трудот прави подлабока анализа на заемното влијание врз заемните промени во општеството и образовниот систем и процес.

36. **Емилија Петрова Ѓорѓева** (2008): *Социјалната перцепција – како фактор за добрите меѓучовечки односи*, Зборник, Современи тенденции на воспитно-образовната работа во основните училишта, Граѓанска асоцијација на учителите во Штип. Трудот научно ја осветлува проблематиката на социјалната перцепција која во голема мера влијае врз квалитетот на меѓучовечките односи.

37. **Емилија Петрова Ѓорѓева** (2008): *Педагошките проблеми на слободното време, Меѓународна научно-практична конференција*, Основното и предучилишното воспитание и образование – предизвик на XXI век. Трудот ги отвора и анализира педагошките аспекти на проблематиката на слободното време.

38. **Emilija Petrova Gjorgjeva** (2008): Can information science become part of school's function in development, International conference on informatics, educational technology and new media in education, Sombor. Трудот полемизира околу можноста информатичката наука да биде значаен дел од развојот на училиштето.

Кандидатката помеѓу двата избора има објавено два учебника и еден превод, наменети за студентите на Педагошки факултет.

1. *Емилија Петрова Ѓорѓева* (2005): **Современото училиште и моралното воспитание,** Штип. Авторката прави обид во една сублимирана форма да ги проследи основите на моралното воспитание, како едно од компонентите на воспитанието воопшто. Се работи за учебно помагало кое ја третира актуелната проблематика на моралното воспитание, неговото место и улога во рамките на современото училиште.

Трудот има цврста појдовна основа, по која следуваат анализите на теориите за моралот, кои секоја од свој аспект апострофираат одредени фактори или ако сакате сфери на личноста како основи од кои произлегува моралот. Авторката прави успешна анализа на воспитната функција на современото училиште, опсервирајќи ја низ призмата на моралното воспитание, правејќи го ова учебно помагало читливо за студентите.

2. Татјана Атанасоска, *Емилија Петрова Ѓорѓева* (2006): **Општа педагогија**, Битола. Трудот претставува основен учебник по предметот Педагогија, наменет за студентите на Педагошките факултети.

Учебникот по Општа педагогија е наменет за студентите на Педагошките факултети и за сите оние кои професионално се занимаваат со педагошката наука.

Целта на овој учебник е на читателот да му понуди нов приод кон воспитанието и подобра прегледност во проучување на педагошките проблеми.

Во трудот поголем простор зазема одредувањето на педагогијата; нејзиното научно втемелување; развојот на одделни димензии на човековата личност; принципите и постапките на воспитанието и други прашања.

Добар дел од трудот е посветен на она што како актуелност е присутно денес, без целосна гаранција дека тоа било во теоријата, било во практиката ќе остане така и во иднина. Врз основа на понудениот пристап на третирање на педагошките проблеми се нуди можност педагошките прашања да се согледаат во нивната заемна поврзаност, но едновремено да се насетат контурите на иднината кои ги исцртува положбата на човекот во современото општество.

3. Превод на учебникот **Предучилишна педагогија** од проф. д-р Марко Стевановиќ.

Појавата на овој учебник претставува успешен обид за надминување на традиционалните сфаќања за предучилишната педагогија во системот на другите педагошки науки. Образованието на предучилишните деца како разделник меѓу педагошките теоретичари, добива своја детерминанта: во неговата суштина авторот го вградува искуството, знаењето и учењето кај детето. Имајќи ја предвид функцијата и значењето на овој учебник за нашата педагошка теорија и практика, за поздравување е фактот што студентите на педагошките факултети можат да го користат овој учебник.

Според изнесените податоци за наставно-педагошката и научноистражувачката дејност на кандидатката, може да се утврди дека се работи за квалитетна кандидатка која со успех ги реализира своите обврски и во поглед на научната и во поглед на наставната работа. Интересот на кандидатката се однесува на проучувањето на различни аспекти од областа на педагогијата, за што сведочи богатиот опус на објавени стручни и научни трудови, а во однос на наставната работа квалитетот се потврдува со извршување на различни обврски во истата.

***Стручно-апликативна и организациско развојна дејност***

Кандидатката доц. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева активно работи во полето на стручно-апликативната дејност, преку презентирање на трудови на стручни собири, изработка на елаборати, истражувачки проекти и др.

Од бројните учества на конференции и симпозиуми би ги издвоиле следниве:

1. (2004), 2nd International Balkan Educational Kongress Searching excellence in education, 8-10 October, Edirne.
2. (2005), The Third International Balkan Scientific Congress, Interculturalitz in the educational process, Shtip.
3. (2006), II International symposium of ecologists of the Republic of Montenegro, Proceedings of the symposium, Kotor.
4. (2006), The third international conference on informatics, educational tehnology and new media in education, Sombor.

5. (2006), V Есенска научна конференција, Китен.
6. (2006), II International symposium of ecologists of the Republic of Montenegro, Proceedings of the symposium, Kotor.
7. (2006), „Реформите во високото образование во Р. Македонија согласно со Болоњската декларација“, трибина, Центар за поддршка на НВО – Штип.
8. (2007), X Научни скуп, „Педагошка истраживања и школска пракса“, Меѓународна научна конференција, Улога образовања у смањењу последица сиромаштва на децу у земљама у транзицији, Београд.
9. (2006), Научна коференција „Национални култури и Европейска идентичност“, Благоевград.
10. (2007), Педагогочески факулктет IV Балкански конгрес, Образованието, Балканите, Европа, Стара Загора.
11. (2007), Международной научно-практической конференции „Традиции и иновации в дошкольном образовании“, посвященой 138-летию МПГУ, Москва.
12. (2007), X Научни скуп, „Педагошка истраживања и школска пракса“, Меѓународна научна конференција, Улога образовања у смањењу последица сиромаштва на децу у земљама у транзицији, Београд.
13. (2007), Международна научна конференция „Европа като културно пространство“, Благоевград, България.
14. (2008), Меѓународно научно-практична конференција, Основното и предучилишното воспитание и образование – предизвик на XXI век, Штип.

По покана на Универзитетот во Тракија, во Едерне, Р. Турција, кандидатката одржала предавање: “Comunication in Education-Classroom Menagment” (1.5.2006-2.5.2006 година).

***Рецензент на списанија и трудови на стручно-научни собири***

Кандидатката е рецензент на учебникот по предметот Педагогија, за трета година гимназиско образование, од авторките: Марија Костова, Анета Бараковска, Ели Маказлиева, во издание на „Просветно дело“ АД – Скопје, 2005 година.

Рецензент е за избор на помлади асистенти, асистенти и доценти на Педагошкиот факултет во Штип.

***Работа на проекти***

1. 2005 - 2008 „Creative teaching/learning”, USAID, FOSIM (учесник).

2. 2008 - во тек, „Local employment, education and training initiatives” - „Joint Days of Lifelong Learning” (Neighborhood Programme Bulgaria – Republic of Macedonia), Ministry of Regional Development and Public Works, Bulgaria & Europen Agency for Reconstructiuon, Skopje, Macedonia (координатор).

***Организациско-развојна дејност***

- Наставно-научен совет на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
- Продекан за настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
- Член на Комисија за ревидирање на наставните планови и програми на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
- Член на Комисија за изработка на Елаборат за организирање на втор циклус на академски универзитетски студии на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
- Претседател на Комисија за упис на студенти (2004-2008).
- Секретар на списанието за теорија и практика „Воспитание“, Педагошки факултет – Штип.
- Секретар на Годишен зборник, Педагошки факултет - Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија по темелната стручна анализа на понудената документација од страна на кандидатите кои се пријавиле на распишаниот Конкурс, одлучи на ННС на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во наставничко звање **вонреден професор** да му ја предложи кандидатката **доцент д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева**.

Врз основа на приложената документација, констатиравме дека се работи за кандидатка со широк спектар на наставно-научна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност. Огромниот творечки опус зборува за насоченоста на кандидатката во повеќе насоки, што резултира со значителен придонес во поглед на педагошката теорија и практика. Научните и стручните трудови излегуваат надвор од рамките на Република Македонија, што претставува уште една потврда за нивото на квалитет на кандидатката.

Понудениот опис на движењето на наставен, научен и стручен план ја открива сликата за сериозна кандидатка, која од својот прв избор за асистент во истата институција била исправена пред мноштво на одговорни работни обврски кои со успех ги завршува, за што е и потврда хиерархиското напредување на истиот.

Квантитативната и квалитативната анализа на постигнувањата на кандидатката (НО+НА+СОАР) значително го надминува пропишаниот минимум на поени, што ни дава за право, чест и задоволство како Рецензентска комисија да го доне-

семе следниот заклучок и предлог до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет: кандидатката **доц. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева** да биде избрана во наставничкото звање **вонреден професор** во научната област ***педагогија*** по предметите: **Основи на педагогија, Теорија на воспитание, Методика на воспитна работа и Основи на техничка култура со методика** на Одделот за одделенска настава и на Одделот за предучилишно воспитување.

**ТАБЕЛА**
**за вреднување на активностите на д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, доцент, во реизборниот период 2004-2009 година, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 1 | 15 | 15 |
| Превод на учебник | 1 | 10 | 10 |
| Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 1 | 1 | 1 |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 1 | 7 |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7 | 0,2 | 1,4 |
| Предавања 5+(8,5x1,5x5)+(2x1,5x2) | 8,5+2 | 1,5 | 74,75 |
| Вежби 6x0,2x5 | 6 | 0,2 | 6 |
| Рецензент на соработници и наставници | 6 | 1 | 6 |
| Рецензент на труд од областа на наставно-образованата дејност (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 1 | 1 |
| | | | **122,15** |

| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
|---|---|---|---|
| Монографија или научна книга | 1 | 10 | 10 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | 6 | 12 |
| Пленарно предавање на научен собир | 1 | 6 | 6 |
| Секциско предавање на научен собир | 15 | 4 | 60 |
| Одржано предавање по покана од научна институција | 1 | 3 | 3 |
| Раководител на научен проект | 1 | 4 | 4 |
| Учесник во научен проект | 1 | 3 | 3 |
| Учесник во научен проект | 1 | 2 | 2 |
| Член на организационен или научен одбор | 1 | 1 | 1 |
| | | | **101** |

| **Стручно-апликативна дејност и организациско развојна (САОР)** | | | |
|---|---|---|---|
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 3 | 3 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 5 | 3 | 15 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 15 | 1 | 15 |
| Член на уредувачки одбор на стручно списание | 1 | 0,5 | 0,5 |
| Елаборати и експертизи | 2 | 2 | 4 |
| Продекан | 1 | 8 | 8 |
| Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| | | | **47,5** |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **270,65** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Татјана Атанасоска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Розалина Попова-Коскарова, член, с.р.**

**Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, член, с.р.**